# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 19.05.2022 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 04 - Година 2022** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2022 година;
2. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година;
4. Одлука за давање на користење недвижна ствар на Невладина Организација „КХАМ“ Делчево;
5. Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2021 година (ребаланс);
6. Одлука за давање на користење Таблети Lenovo на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2022 година;
8. Заклучок за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2022 година;
9. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година;
10. Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода, невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година;

11. Одлука за доделување на награда за ученик на генерација во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево;
12. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година;
13. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Пехчево;

Бр. 09-666/1 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/2
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

**Годишна програма за управување со отпад**

**на ОПШТИНА ПЕХЧЕВО за 2022 година**

При дефинирање на активностите кои се планираат да се превземат во 2022 година, најтешкиот елемент беше да се издвојат приоритетите и да се прилагодат на реалните можности на општината. Треба да се напомене дека тековните суб-стандардни услови и пракса во управувањето со отпадот се голема пречка во приближувањето кон европските директиви од оваа област, како и задоволување на барањата на законските регулативи.

Програмата за 2022 година е организирана согласно претходно дефинирани плански цели и плански акции и истата претставува имплементациона програма за реализација на планот, со чија реализација се очекува значајно подобрување на управувањето со отпадот на крајот од планскиот период. Програмата за управување со отпадот во општина Пехчево е изработена согласно членовите 18, 19 и 21 од Законот за управување со отпад.

**Стратегиска цел бр.1**

**Воведување на организиран систем со наплата за собирање и транспорт на отпад од територијата на Општина Пехчево**

Основен услов за соодветно управување на комуналниот цврст отпад е целосната покриеност на територијата и населението во општина Пехчево со услугата за собирање, транспорт и депонирање на овој вид отпад. Поради тоа како главен приоритет за општина Пехчево е дефинирана оваа цел. Опфатеноста на населението со услугата за собирање и наплата на отпадот изнесува приближно *75% од вкупното население на Општина Пехчево од страна на ЈКП ,,Комуналец,, Пехчево, а од останатите 25 % се собира, транспортира и депонира комуналниот отпад без наплата на услугата.*

**Дефинирана акција за 2022 година е да се постигне целосна покриеност на населението со наплата за собирање и транспортирање на отпадот на Општина Пехчево.**

**Стратегиска цел бр.2**

**Подобрување на управување со општинската депонија**
Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува ниту најелементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така е далеку од задоволување на било какви стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2022 година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад.

**Општина Пехчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот**

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел е изработената  физибилити студија за регионално управување со отпад за источниот и североисточниот плански регион.
Во согласност со Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.
Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Република Македонија.
Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во источниот и североисточниот плански регион, се спроведени два проекти:
1. Подготвена е техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион (добиен е камион марка IVEKO, носивост 3 тона од овој проект и добиени се 60 контејнери)
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.
Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:
Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и
Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале  и количините на отпад од општините чиишто депонии би биле веднаш затворени.

**Согласно Планот за затворање на депониите, депонијата во Пехчево требаше да биде оперативна во преодниот период (преоден период Источен регион 2016-2020, а отпадот од Берово требаше да се депонира на депонијата во Пехчево, а депонијата во Берово да биде целосно затворена**.

Втора фаза: Комплетно затворање на оперативните депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

**Стратегиска цел бр.3**

**Соодветен третман на биоразградливиот отпад**
За 2022 година се предвидува спроведување на кампања кај населението за компостирање на отпадот и искористување на компосот.

**Планирани активности за 2022 година и следење на индикаторите**

| Дефинирана цел | Планирани акции за 2022 | Активности | Можни извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Регионален пристап во управувањето со отпад<br><br>Општина Пехчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br><br>Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | Реализација на одлуката<br><br>Учество во донесување на одлуки | Средства од ЕУ и сопствен буџет<br><br>Средства од ЕУ и сопствен буџет | Донесена одлука<br><br>Уредена депонија по сите стандарди |
| Подигнување на јавната свест | Кампања за воведување на услугата за подигнување, транспорт и депонирање на отпадот. | Припрема на кампањата<br>____________<br>Спроведување на кампањата<br>____________<br>Анализа на остварените резултати | Програма на МЖСПП, ЈПКД, Буџет на општината, донатори | Спроведена кампања |
| Кампања кај населението за компостирање на отпадот и искористување на компосот | Изработка на студија за техничко решение на ниво на општина<br><br>Едукација на населението | Подготовка на проектна задача и тендерска документација<br>____________<br>Прибирање на понуди и избор на изготвувач на студијата<br>____________<br>Изработка на студијата | Програма на МЖСПП, ЈПКД, Буџет на општината, донатори | Изработена студија |

Изработил:
Овластен инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.08-652/1 — Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/3
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година и годишниот финансиски извештај за 2021 година.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година и годишниот финансиски извештај за 2021 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-653/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/4
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година.

Член 2

Годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион 2021-2026, за 2021 година, е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-654/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на користење недвижна ствар на Невладина Организација „КХАМ“ Делчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење недвижна ствар на Невладина Организација „КХАМ“ Делчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/5
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 05/2002) член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 19.05.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење недвижна ствар на Невладина Организација „КХАМ“ Делчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава на користење недвижна ствар на Невладината Организација „КХАМ“ Делчево, просторија во зграда на Месната заедница во с. Црник, со површина од 15м$^2$.

**Член 2**

Недвижната ствар - просторија во зграда на Месната заедница во с.Црник се дава на користење без надоместок, за период од 1 (една) година почнувајќи од денот на влегување на сила на оваа одлука.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на општина Пехчево да склучи договор со Невладината Организација „КХАМ“ Делчево во кој ќе се регулираат правата и обврските за користење на просторијата.

**Член 4**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од предметната недвижност, или истата се користи за друга цел, различна од таа во договорот, истата може да се одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење, со писмено известување за испразнување на просториите во рок од 5 (пет) дена.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-655/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2021 година (ребаланс)**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2021 година (ребаланс), што советот на општина Пехчево го донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/6
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 19.05.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За не усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ги усвојува измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2022 година, ќе се разгледуваат на наредната седница на совет.

**Член 3**

Заклучокот стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-656/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на користење Таблети Lenovo**
**на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење Таблети Lenovo на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/7
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 19.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За давање на користење Таблети Lenovo на**
**ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Пехчево дава на користење, 8 (осум) Таблети **Lenovo** модел **m 10** со следните карактеристики:

Модел: **Lenovo** TB-X505F TAB 2G+32GBL -RS

**Член 2**

Целта на донацијата е следење на новата наставна програма за ученици од 4 и 5 одделение, кои припаѓаат на групата од ранливи категории, кои не се во можност да ја следат наставата.

**Член 3**

Примателот на донацијата ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево е потребно да достави список со податоци за учениците на кои им се дадени таблетите на користење со следните податоци: Име и презиме, возраст, одделение, училиште, адреса на живеење, контакт телефон.

**Член 4**

Примопредавањето на Таблетите Модел: **Lenovo** модел **m 10** ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево во рок од 3 (три) дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-657/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/8
19.05.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 23 од Законот за угостителската дејност (Сл.Весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015,39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022 за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Согласно одлуката, продолженото работно време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот, се продолжува за два часа за деновите: 15.07.2022, 16.07.2022 и 17.07.2022 година, односно од 01:00 до 03:00 часот, за време на одржувањето на манифестацијата Фестивал на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, организаторот на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2022, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-658/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2022 година, што советот на општина Пехчево го донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/9 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36, став 1 точка 10, од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/02,) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 год. донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2022**

**Член 1**

За одржување на фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево, за период од четири дена (13-ти и 14-ти, 15-ти и 16-ти јули 2022 година) за чествување на празникот Павловден, ќе се издава под закуп површината на плоштадот за поставување на урбана опрема (маси и столови).

**Член 2**

Доделувањето на парцелите ќе се дава по одредена фиксна цена определена со Одлука од страна на Советот на општината. Право на приоритет на добивање на локација ќе имаат сопствениците на угостителските објекти пред нивните локали. Доколку сопствениците на угостителските објекти пред кои има површина, која е предмет на продажба, не се согласуваат да го купат просторот, предност имаат други купувачи доколку ги има. Другите локации ќе се доделуваат по принципот на слободни локации со приоритет согласно времето на пријавување и плаќање на надоместокот.

Изготвена е скица со распоред на парцелите со број и површина.

**<u>ПРЕДЛОГ цените на парцелите, кои ќе се разгледуваат повторно на наредната седница на совет, заедно со угостителите кои се заинтересирани за закуп на просторот се следните:</u>**

- Парцела Кит – го со П=140m$^2$ по цена од 300 ден m$^2$ за ден
- Парцела Лепак со П=120m$^2$ по цена од 300 ден m$^2$ за ден. Оваа парцела е пред Комерцијална Банка, па поради тоа влезот пред банкоматот не смее да биде затворен!
- Парцела Меанче со П=120m$^2$ по цена од 300 ден m$^2$ за ден
- Парцела бр.1 со П=120m$^2$ по цена од 100 ден m$^2$ за ден
- Парцела бр.2 со П= 120 м$^2$ по цена од 100 ден м$^2$ за ден.
- Парцела бр.3 со П= 120 м$^2$ по цена од 100 ден/ м$^2$ за ден.
- **<u>(простор за скари, само за угостителите кои закупиле простор на плоштадот).</u>**
- Парцела (паркинг плац) со П= 360 м$^2$ по цена од 50 ден/ м$^2$ за ден.
- Парцелите од бр.1 до бр. 41 на паркинг плац по цена од 50 ден/ м$^2$ за ден.

**Член 3**

Се забранува поставување на штандови на површини кои не се предвидени во графичкиот прилог, даден во прилог на оваа одлука.

**Член 4**

Органот е надлежен да издаде Одобрение за користење на просторот, по претходно доставен доказ за извршена уплата за површина определена во барањето на корисникот. **Без претходен доказ за извршена уплата** за користење на просторот **НЕ** се издава одобрение за користење.

**Член 5**

Се задолжува градоначалникот на општина Пехчево да ги овласти комуналните редари во општина Пехчево, овластениот инспектор за животна средина и комунални работи, и вработените во одделение за урбанизам комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР да извршат обележување на секоја од парцелите и да постапат согласно нивните надлежности.

**Член 6**

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-659/1
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/10 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година.

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-660/1 Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Образец К1

## Квартален извештај за извршување на буџетот за општина ПЕХЧЕВО за извештајниот период(кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година

**Општина:** ПЕХЧЕВО

**Извештаен период: од** 01.01.2022 **година до** 31.03.2022 **година**

**Датум на поднесување на извештајот:** 14.04.2022

| | | Приходи - квартал 1 | Буџет за 2022 година | | Наменска дотација за 2022 година | | Самофинансирачки активности за 2022 година | | Донации за 2022 година | | Кредити за 2022 година | | Вкупно за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | Останато за реализација до крај на 2022 година | % |
| | | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 28.592.000 | 5.927.404 | 49.197.000 | 12.195.999 | 8.707.000 | 1.002.477 | 3.215.000 | 736.259 | 3.500.000 | 0 | 93.211.000 | 19.862.139 | 73.348.861 | 21,31 |
| | | ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 24.579.000 | 5.424.628 | 46.214.000 | 10.506.985 | 6.762.000 | 812.674 | 1.115.000 | 9.461 | 0 | 0 | 78.670.000 | 16.753.748 | 61.916.252 | 21,30 |
| | | **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 6.522.000 | 515.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.522.000 | 515.240 | 6.006.760 | 7,90 |
| | | ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 10.535.000 | 889.815 | 2.983.000 | 59.997 | 1.945.000 | 193.215 | 2.100.000 | 0 | 3.500.000 | 0 | 21.063.000 | 1.143.027 | 19.919.973 | 5,43 |
| 71 | | Даночни приходи | 9.545.000 | 2.488.744 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.545.000 | 2.488.744 | 7.056.256 | 26,07 |
| | 711 | ДАНОК ОД ДОХОД,ОД ДОБИВКА И ОД КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ | 735.000 | 178.722 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 735.000 | 178.722 | 556.278 | 24,32 |
| | 713 | ДАНОЦИ НА ИМОТ | 3.050.000 | 1.037.614 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.050.000 | 1.037.614 | 2.012.386 | 34,02 |
| | 717 | ДАНОЦИ НА СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ | 5.250.000 | 1.272.408 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.250.000 | 1.272.408 | 3.977.592 | 24,24 |
| | 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 510.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 510.000 | 0 | 510.000 | 0,00 |
| 72 | | Неданочни приходи | 820.000 | 82.091 | 0 | 0 | 8.707.000 | 1.002.477 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.527.000 | 1.084.568 | 8.442.432 | 11,38 |
| | 722 | ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 150.000 | 41.098 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 41.098 | 108.902 | 27,40 |
| | 723 | АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.707.000 | 1.002.477 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.707.000 | 1.002.477 | 7.704.523 | 11,51 |
| | 724 | ДРУГИ ВЛАДИНИ УСЛУГИ | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 20.000 | 0,00 |
| | 725 | ДРУГИ НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 650.000 | 40.993 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 40.993 | 609.007 | 6,31 |
| 74 | | Трансвери и донации | 18.227.000 | 3.356.569 | 49.197.000 | 12.195.999 | 0 | 0 | 3.215.000 | 736.259 | 0 | 0 | 70.639.000 | 16.288.827 | 54.350.173 | 23,06 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 741 | ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 18.227.000 | 3.356.569 | 49.197.000 | 12.195.999 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 67.424.000 | 15.552.568 | 51.871.432 | 23,07 |
| | 742 | ДОНАЦИИ ОД СТРАНСТВО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.215.000 | 736.259 | 0 | 0 | 3.215.000 | 736.259 | 2.478.741 | 22,90 |
| 75 | | ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 | 0 | 3.500.000 | 0 | 3.500.000 | 0,00 |
| | 754 | ДРУГО ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 | 0 | 3.500.000 | 0 | 3.500.000 | 0,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | | Капитални приходи | 6.522.000 | 515.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.522.000 | 515.240 | 6.006.760 | 7,90 |
| | 733 | ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 6.522.000 | 515.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.522.000 | 515.240 | 6.006.760 | 7,90 |

**Образложение**

| | | Расходи - квартал 1 | Буџет за 2022 година | | Наменска дотација за 2022 година | | Самофинансирачки активности за 2022 година | | Донации за 2022 година | | Кредити за 2022 година | | Вкупно за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | Останато за реализација до крај на 2022 година | % |
| 40 | | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 9.567.000 | 2.071.686 | 40.752.600 | 9.829.859 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.319.600 | 11.901.545 | 38.418.055 | 23,65 |
| | 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ | 5.670.000 | 1.338.521 | 29.387.000 | 7.077.494 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.057.000 | 8.416.015 | 26.640.985 | 24,01 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигуру.од работодавачите | 2.152.000 | 503.425 | 11.365.600 | 2.752.365 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.517.600 | 3.255.790 | 10.261.810 | 24,09 |
| | 404 | Надоместоци | 1.745.000 | 229.740 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.745.000 | 229.740 | 1.515.260 | 13,17 |
| 41 | | РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 90.000 | 43.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 43.500 | 46.500 | 48,33 |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 | 0,00 |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 60.000 | 43.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 43.500 | 16.500 | 72,50 |
| 42 | | Стоки и услуги | 12.155.000 | 2.098.590 | 5.141.400 | 677.126 | 6.762.000 | 812.674 | 1.115.000 | 9.461 | 0 | 0 | 25.173.400 | 3.597.851 | 21.575.549 | 14,29 |
| | 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | 182.000 | 13.320 | 29.000 | 0 | 125.000 | 4.600 | 732.000 | 0 | 0 | 0 | 1.068.000 | 17.920 | 1.050.080 | 1,68 |
| | 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 3.255.000 | 682.596 | 2.852.000 | 250.257 | 390.000 | 25.598 | 47.000 | 0 | 0 | 0 | 6.544.000 | 958.451 | 5.585.549 | 14,65 |
| | 423 | Ситен инвентар,алат и др.материјали за поправка | 759.000 | 71.479 | 745.400 | 113.710 | 4.660.000 | 644.756 | 200.000 | 9.461 | 0 | 0 | 6.364.400 | 839.406 | 5.524.994 | 13,19 |
| | 424 | Поправка и тековно одржување | 2.460.000 | 364.375 | 230.000 | 112.740 | 510.000 | 26.480 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.200.000 | 503.595 | 2.696.405 | 15,74 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 425 | Договорни услуги | 1.623.000 | 250.385 | 915.000 | 120.379 | 534.000 | 33.477 | 105.000 | 0 | 0 | 0 | 3.177.000 | 404.241 | 2.772.759 | 12,72 |
| | 426 | Други тековни расходи | 1.100.000 | 227.530 | 170.000 | 10.556 | 343.000 | 44.834 | 31.000 | 0 | 0 | 0 | 1.644.000 | 282.920 | 1.361.080 | 17,21 |
| | 427 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ | 2.776.000 | 488.905 | 200.000 | 69.484 | 200.000 | 32.929 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.176.000 | 591.318 | 2.584.682 | 18,62 |
| 45 | | КАМАТИ | 37.000 | 6.291 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.000 | 6.291 | 30.709 | 17,00 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 37.000 | 6.291 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.000 | 6.291 | 30.709 | 17,00 |
| 46 | | Субвенции и трансвери | 1.230.000 | 529.837 | 320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.550.000 | 529.837 | 1.020.163 | 34,18 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 0 | 130.000 | 0,00 |
| | 464 | Разни трансфери | 800.000 | 529.837 | 320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.120.000 | 529.837 | 590.163 | 47,31 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,00 |
| 47 | | Социјални бенифиции | 200.000 | 39.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 39.000 | 161.000 | 19,50 |
| | 471 | КАПИТАЛНИ ТРАНСФЕРИ НА ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ | 200.000 | 39.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 39.000 | 161.000 | 19,50 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 1.300.000 | 635.724 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000 | 635.724 | 664.276 | 48,90 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 1.300.000 | 635.724 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000 | 635.724 | 664.276 | 48,90 |
| 48 | | Капитални расходи | 10.535.000 | 889.815 | 2.983.000 | 59.997 | 1.945.000 | 193.215 | 2.100.000 | 0 | 3.500.000 | 0 | 21.063.000 | 1.143.027 | 19.919.973 | 5,43 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 310.000 | 0 | 1.050.000 | 59.997 | 690.000 | 180.390 | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 | 4.050.000 | 240.387 | 3.809.613 | 5,94 |
| | 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 1.750.000 | 0 | 60.000 | 0 | 900.000 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 0 | 4.210.000 | 0 | 4.210.000 | 0,00 |
| | 482 | Други градежни објекти | 7.950.000 | 639.655 | 1.870.000 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 | 0 | 0 | 0 | 11.920.000 | 639.655 | 11.280.345 | 5,37 |
| | 483 | Купување на мебел,опрема,возила и машини | 300.000 | 250.160 | 0 | 0 | 330.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 630.000 | 250.160 | 379.840 | 39,71 |
| | 485 | Други нефинансиски сретства | 225.000 | 0 | 3.000 | 0 | 25.000 | 12.825 | 0 | 0 | 0 | 0 | 253.000 | 12.825 | 240.175 | 5,07 |

**Образложение**

**Лице за контакт**

**Овластено лице(печат и потпис):**

**Име и презиме и тел.број:** **Анита Каракашовска, тел: 033/441-321**

## Образец К2

## Квартален извештај за достасани ненамирени обврски

**Општина:** Пехчево

**Квартал:** 01.01.2022 година до 31.03.2022 година

**Датум на поднесување на извештајот:** 14.04.2022 (ден, месец, година)

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | 2,615,750.00 | 0.00 | 10,289,677.00 | 5,035,192.00 | **15,324,869.00** | **17,940,619.00** |
| февруари | 142,860.00 | 2,569,634.00 | 10,139,677.00 | 5,152,358.00 | **15,292,035.00** | **18,004,529.00** |
| март | 316,245.00 | 0.00 | 10,273,577.00 | 7,098,586.00 | **17,372,163.00** | **17,688,408.00** |
| април | | | | | | |
| мај | | | | | | |
| јуни | | | | | | |
| јули | | | | | | |
| август | | | | | | |
| септември | | | | | | |
| октомври | | | | | | |
| ноември | | | | | | |
| декември | | | | | | |

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | 0.00 |
| 402 | 0.00 |
| 403 | 0.00 |
| 404 | 864,718.00 |
| 411 | 0.00 |
| 412 | 0.00 |
| 413 | 0.00 |
| 414 | 0.00 |
| 420 | 81,100.00 |
| 421 | 1,208,144.00 |
| 423 | 71,737.00 |
| 424 | 1,510,652.00 |
| 425 | 639,907.00 |
| 426 | 635,461.00 |
| 427 | 648,868.00 |
| 451 | 0.00 |
| 452 | 0.00 |
| 453 | 0.00 |
| 461 | 0.00 |
| 462 | 0.00 |
| 463 | 19,000.00 |
| 464 | 5,641,062.00 |
| 465 | 0.00 |
| 471 | 0.00 |
| 472 | 0.00 |
| 473 | 0.00 |
| 474 | 0.00 |
| 480 | 0.00 |
| 481 | 723,596.00 |
| 482 | 5,644,163.00 |
| 483 | 0.00 |
| 484 | 0.00 |
| 485 | 0.00 |
| 486 | 0.00 |
| 487 | 0.00 |
| 488 | 0.00 |
| 489 | 0.00 |
| 491 | 0.00 |
| 492 | 0.00 |
| 493 | 0.00 |
| **Тотал** | **17,688,408.00** |

**Образложение:**

**Во образецот К2 за прввиот квартал од 2022 година се искажани вкупни обврски од 17.688.408,00 денари. Од нив 10.273.577 денари се утужени обврски.Најголемиот дел од овие обврски се однесуваат на утужен неплатен долг од 5.000.000 денари (главен долг) од страна на министерството за транспорт и врски, а од остатокот на утужени обврски, поголемиот дел се однесуваат на утужени неплатени надоместоци на советници и неизмирени утужени обврски кон изведувачи на градежни работи. За наведениот износ нашата сметка е блокирана. Од останатите обврски, кои не се утужени, во износ од 7.414.831 денари, 316.245 денари се доспеани тековни обврски до 30 дена, а останатите 7.098.586 денари се обврски кои се со рок на доспевање повеќе од 60 дена.**

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број: Анита Каракашовска - 033/441-321

Овластено лице (печат и потпис):

______________________________

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Општина:** | **Пехчево** | | |
| **Извештаен период :** | **01-01-22 година** | **до** | **31-03-22 година** |
| | ( ден, месец, година) | | ( ден, месец, година) |
| **Датум на поднесување на извештај** | **14.04.2022 година** | | |
| | ( ден, месец, година) | | |

**Долг на општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | 03-1982/1 | Изградба на улици во с. Робово и с. Панчарево | Министерство за финансии на РМ | МК Денар | 7,705,258 | 0.12% | 13 год. | 3 год. | 6,814,777 | да | в | 10-02-17 | 10-08-26 | 10-02-14 | 10-08-26 | 340,739 | 0 | 10-02-22 | 340,739 | 0 | 16.02.2022 / 28.02.2022 | -340,739 | 0 | 3,066,648 | 2,725,909 |
| 2 | 03-841/1 | Подобрување на јавните општински услуги во општина Пехчево | Министерство за финансии на РСМ | МК Денар | 5,899,706 | 0.23% | 13 год. | 3 год. | 5,899,706 | да | в | 10-09-22 | 10-03-32 | 10-09-19 | 10-03-32 | 0 | 6,229 | 10-03-22 | 294,985 | 6,229 | 15.03.2022 / 29.03.2022 | -294,985 | 0 | 5,899,706 | 5,604,721 |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

*( во оригинална валута)*

**Долг на ЈП основани од општината**

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт

Име и презиме и телефонски број Анита Каракашовска, 033/441-321

Овластено лице (печат и потпис):

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода, невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода, невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/11 — Градоначалник на
19.05.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Извештајот - елаборат за проценета штета од природна непогода невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година.

**Член 2**

Извештајот - елаборат за проценета штета од природна непогода невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-661/1 — Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

**КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТИ НАСТАНАТИ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗООТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

---

**ДО**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**
**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

# ИЗВЕШТАЈ - ЕЛАБОРАТ

**ЗА ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА НЕВРЕМЕ ПОРОЕН ДОЖД И ГРАД, ШТО ЈА ЗАФАТИ ТУРИСТИЧКАТА НАСЕЛБА РАВНА РЕКА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ВО ДЕКЕМВРИ 2021 Година**

---

**ПЕХЧЕВО, ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА**

## ОПШТ ДЕЛ

- **<u>ВИД НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ШТЕТАТА;</u>**

Ви го доставуваме во прилог за ваше разгледување Извештајот-елаборат подготвен од општинската комисија за процена и утврдување на штети од природни непогоди формирана од Советот на Општина Пехчево одлука на совет бр.08-1384/1 од 23.12.2021 година, согласно упатството од методологијата за процена на штети од елементарни непогоди, (Сл.весник на РМ бр.75/09/2001).

Во туристичката населба Равна Река на Општина Пехчево ја зафати силно невреме проследено со пороен дожд и град, при што беа причинети штети на имоти на физички лица сопственици на викенд куќи во туристичката населба.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата од природната непогода, пороен дожд и град од декември 2021 година, Општинската Комисија ја изврши со вршење увид од 28.12.2021 по поднесени пријави до општинската комисија, врз основа на теренската процена на штети на имот со поднесена 1 (една) пријава од приватно лице бр.11-1328/1 од 17.12.2121г. , односно од лицето Илчо Маролов со живеалиште на ул.Панче Караџозов бр.31 од Штип, сопственик на викенд куќа во туристичката населба Равна Река во Општина Пехчево



Погодени од невремето се:

1.Однесено е целокупното дворно место од земјан матерјал во површина од 50м2

2.Уништен е потпорен зид во должина од 8 м1

3.Уништена и однесена од водата е бетонска тераса со дебелина од 15цм, во површина од 20м:

4.Уништена е дрвена настрешница на бетонската тераса пред објектот.

5.Уништена е дрвена шупа, брвнара од 9м2, со бетонски под.

6.Од под настрешницата е однесен инвентар кој се состоел (по пријава на оштетениот)

-шпоре на дрва

-две маси

-омивалник

-4 столчиња

-камена чешма

-6 вреќи цемент

- дрвени палети 9 броја….

-метални профили за ограда 180м1

-цигли 300 броја…

-водоводно црево-30м1

-канализациони цефки ф-100- 15м1…

-огревно дрво 4м3…

-мешалка за бетон

-буриња со алат (лопати 2 копа

Комисијата за подготовка на овој извештај/елаборат го користеше записникот и документацијата по поднесените пријави од физичкото лице односно правни субјекти за изготвување на истиот согласно Упатството за единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (**Сл.весник на РМ бр. 75/09/2001**), **го доставуваме ова барање за усвојување како Извештај-Елаборат**.

**По усвојувањето на извештајот, записникот од страна на Советот на Општина Пехчево, истиот се доставува на разгледување и одлука до второстепената Комисија за проценка и утврдување на штетите од елементарни непогоди формирана од Влада на Република Македонија.**

Извештајот-елаборат е изготвен согласно упатството за единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (Сл.весник на РМ бр.75/09/2001). Изготвувач на елаборатот е Општинската комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди формирана од Советот на Општина Пехчево со Одлука број 08-1384/1 од 23.12.2021 година.

Применетите цени во проценката и утврдувањето на обемот на штетите се цени кои ги следи статистиката, за погоденото подрачје, како и продажни цени во малопродажба од последните три години 2019, 2020 и 2021 година изразени во денари по килограм и цена и количина на набавен материјал или плаќање по извршена работа/услуги за подрачјето на Општина Пехчево.

Штетите од природната непогода, дожд и град кој го зафати подрачјето на Општина Пехчево на ден 10,11 и 12 декември 2021 година, според Упатството за единствената методологија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди според точка 35 (**Сл.весник на РМ бр. 75/09/2001**) се следните:

- **ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ШТЕТАТА**

**ПАДНАТ ПОРОЕН ДОЖД И ГРАД, НА ДЕН 10,11 и 12 декември 2021 ГОДИНА;**

Атмосферски врнежи пороен дожд, кои предизвикаа оштетување на имоти, градби и разна опрема.

- **<u>ГОЛЕМИНАТА НА ЗАФАТЕНОТО ПОДРАЧЈЕ;</u>**

Територија на Општина Пехчево во дел од урбано подрачје на општина Пехчево во Туристичката населба Равна Река во Општина Пехчево

- **<u>БРОЈ НА ЧОВЕЧКИ ЖРТВИ;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. нема пријава за човечки жртви.

- **<u>БРОЈ НА ПОТЕШКО И ПОЛЕСНО ПОВРЕДЕНИ ЛИЦА;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. нема пријава за потешко и полесно повредени лица.

- **<u>БРОЈ НА ЛИЦА ЗАБОЛЕНИ ПОРАДИ ВОНРЕДНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. нема пријава за лица заболени поради вонредни услови за живот.

- **<u>БРОЈ НА ДОМАКИНСТВА И ЛИЦА ЗАФАТЕНИ СО ЕЛЕМЕНТАРНАТА И ДРУГА НЕПОГОДА;</u>**

Според пријавите од граѓани од Општина Пехчево и центарот за кризи од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год., бројот на поднесените пријави од Општинската комисија за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди изнесува 1 (една) од кои сите беа земени како предмет за разгледување за проценка на штети погодени од навремето по поднесените пријави.

- **<u>ОРГАНИЗИРАНА ОДБРАНА;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември год. не беше наведена организирана одбрана.

- **<u>ДАДЕНА ПОМОШ ВО СПАСУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО И МАТЕРИЈАЛНИТЕ БЛАГА, НИВНОТО СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА И КОЈ ЈА ДАЛ ТАА ПОМОШ;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. не беше наведено дадена помош во спасување на населението и материјалните блага, нивно сместување и исхрана.

- **<u>ПОЈАВИ НА ЕПИДЕМИЈА, ПОСЕБНО КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО, А ПОСЕБНО КАЈ ДОБИТОКОТ, ПОГОЛЕМИ ЖАРИШТА НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ И МЕРКИ ШТО СЕ ПРЕЗЕМЕНИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧАТ ЗАБОЛУВАЊА;</u>**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. не беше наведено дека има појава на епидемија кај населението, кај добитокот или жаришта на заразни болести.

- **ПОТРЕБА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ И ДАЛИ Е ТОА СТОРЕНО;**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. немаше наведено потреба од изградба на привремено сместување.

- **ПРЕКИНИ ВО РЕДОВНОТО ОДВИВАЊЕ НА СТОПАНСКИОТ И ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ И ЗА КОЕ ВРЕМЕ;**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. нема наведено прекин на одвивање на стопанскиот и општествениот живот.

**ДАЛИ СОВЕТОТ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ИЛИ НЕКОЈ РЕПУБЛИЧКИ ОРГАН ОДНОСНО ОРГАНИЗАЦИЈА ДОНЕЛА ОДЛУКА ЗА ОТПИС НА НЕКОИ ПРИДОНЕСИ на пр. (отпис на придонесот од доход на земјоделци и други занимања), во која височина и за кое време;**

Според пријавите од центарот за кризи или пријави од граѓани од Општина Пехчево од невремето од 10,11 и 12 декември 2021 год. нема наведено дека било кој орган односно организација има донесено одлука за отпис на некои придонеси.

- **ДИФЕРЕНЦИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СЕЛО И ГРАД ЗА СЛОБОДНА ПРОЦЕНА НА ШТЕТА НА ЗГРАДИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ; АКО НЕМАЛО ДА СЕ ОБРАЗЛОЖИ ЗОШТО НЕМАЛО;**

Применетите цени во проценката и утврдувањето на обемот на штетите се цени кои ги следи статистиката, цени на претпријатијата, откупни цени на подрачјето, продажни и откупни цени на производи и/или услуги од претходните три години.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата од природната непогода, комисијата ја изврши врз основа на теренската проценка на штети на имоти и земјоделски култури по поднесена 7 (една) пријави од физичко лице. Општинската комисија за проценка на штети од природна непогода, пороен дожд и град, кои предизвикаа штети на имот и ,градби и опрема за подготовка на извештај/елаборат ги користеше податоците од Записникот од процена на терен по поднесената пријава од погодените од невремето, изготвен согласно Упатството за единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди.
Земани се во предвид просек на цени и цени на производи за претходните три години.

**СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА СО ЗАНИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА КАКО И ОЦЕНА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА И ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОЦЕНИ НА ШТЕТИ;**

Членови на комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреки

- Николчо Станоевски Дипломиран Градежен инженер Општина Пехчево Одделение за урбанизам и ,животна средина и ЛЕР -Член
- Галазов Љупчо Градежен техничар-Општина Пехчево, Одделение за урбанизам ,животна средина и ЛЕР - Член
- Андоновски Ефтим Градежен техничар-Општина Пехчево, Одделение за урбанизам ,животна средина и ЛЕР - Член
- Љупчо Костадинов Дипломиран инженер архитект, приватен стопанственик Општина Пехчево - Член
- Миле Гошевски Дипломиран земјоделски инженер Општина Пехчево Одделение за земјоделие и шумарство - Член

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

Стручна оценка од страна на комисијата не е наведена заради тоа што проценката на штети како и примената на методологијата е извршено согласно Упатството за единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (**Сл.весник на РМ бр. 75/09/2001**) од страна на општинската комисија која брои 5 членови.

**- ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА И РЕЗУЛТАТИ;**

Со овој извештај/елаборат се искажуваат збирно резултатите за проценетата штета, видот и карактеристиките на причините, големината, последиците, активностите и мерките за намалување на причинетите штети од елементарната непогода.

- **ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ИЗРАЗЕНИ ВО ФИНАНСИСКИ И ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА СО РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРОЦЕНЕТИТЕ ШТЕТИ**

Збирните резултати за проценетите штети по видови на средства, сопственост, области на дејности и останатото групирани на ниво на територија на Општина Пехчево,согласно Упатството за единствената методологија за процена и утврдени штети од елементарната непогода искажани се во записникот на комисијата од извршен увид на лице место после елементарната непогода, кој е даден на усвојување до Совет на Општина Пехчево по што се препраќа до Комисија за проценка и утврдување на висина на штети причинети од елементарна непогода формирана од Влада на Република Македонија со предлог за целосно/делумно обештетување на пријавените од настанатите штети.

Штети на ниво на Општина Пехчево

| | |
|---|---|
| Вкупните штети на ниво на Општина Пехчево | Износ вкупно **269.680,00ден** |

**Табеларен приказ на Трошоци за ангажман на комисијата**

| | Активност | Ангажирани Членови бр. | Износ по ангаж ден | Вкупно за ден |
|---|---|---|---|---|
| | **Состанок и Теренска проценка** | **5,** | **0,** | **0,** |
| | **Внесување за рекапитулација** | **5,** | **0,** | **0,** |
| | **Финална пресметка** | **3,** | **0,** | **0,** |
| **Вкупно** | **Денови за проценка** | **5,** | **0,** | **0,** |

**Табеларен приказ на Трошоци по основ материјални трошоци на комисијата**

| Материјал | Активност | Износ |
|---|---|---|
| **Хартија обезбедено од Општина Пехчево** | **Копирање формулари за табеларен приказ** | **0,** |

Врз основа на Одлука на Совет на општина Пехчево бр. 08-1384/1 од 23.12.2021 година, Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди го изготви следниот:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 6 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321
E-пошта: opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 11 - 621/1
10. 05. 2022 од
ПЕХЧЕВО

Врз основа на Одлука на Совет на општина Пехчево бр. 08-1384/1 од 23.12.2021 година, Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди го изготви следниот

ЗАПИСНИК

Од извршен увид на лице место

Составен на лице место на туристичкиот локалитет,, Равна Река,, во Пехчево ,од страна на комисијата за процена на штети при елементарни непогоди формирана со одлука на совет бр.08-1384/1 од 23.12.2021 година. Записникот е направен по барање бр.11-1328 /1 од 17.12.2021 година, за увид на лице место од страна на лицето Илчо Маролов со живеалиште на ул.Панче Караџозов.31 во Штип за настаната штета, на викенд куќа во туристички локалитет ,,Равна Река,,- Пехчево.

Записникот е составен на ден 25.12.2021 г. по службена должност од комисијата формирана од страна Советот на општина Пехчево составена од пет члена и тоа:

1.Станоевски Николчо – Одделение за урбанизам при општина Пехчево

2.Галазов Љубчо- Одделение за урбанизам при Општина Пехчево

3.Андоновски Ефтим- Одделение за урбанизам при општина Пехчево

4.Љупчо Костадинов-член од Совет на општина Пехчево

5.Миле Гошевски - член од Совет на општина Пехчево

По извршениот увид на лице место констатирано е следната состојба :

Поради обилните врнежи од дожд во месец декември 2021 година , ноќта помеѓу 11.12.2021 година и 12.12.2021 година, од поплава што ја зафати туристичката населба нанесена е голема матерјална штета на градежната парцела на КП-3529/10 во сопственост на Илчо Маролов од Штип.

Од страна на комисијата е утврдена следната матерјална штета:

1.Однесено е целокупното дворно место од земјан матерјал во површина од 50м2

150 м3х 400=60.000,00 денари

2 Уништен е потпорен зид во должина од 8 м1 3м3х12000=36.000,00 денари

3 Уништена и однесена од водата е бетонска тераса со дебелина од 15цм , во површина од 20м: ........................................ 2м3х12000=24.000,00 денари

4 Уништена е дрвена настрешница на бетонската тераса пред објектот.

Паушал.........60.000,00 денари

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел.факс +389(0)33/441-321
E-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

5.Уништена е дрвена шупа, брвнара од 9м2, со бетонски под.

Паушал..........60.000,00 денари

6. Од под настрешницата е однесен инвентар кој се состоел(по пријава на оштетениот)

-шпоре на дрва....9.000,00 денари

-две маси....2х3000=6.000,00 денари

-омивалник.....8.000,00 денари

-4 столчиња....4х800=3200,00

-камена чешма...3500,00 денари

-6 вреќи цемент...6х200=1200.00 денари

- дрвени палети 9 броја.. ..9х120=1080 денари

-метални профили за ограда 180м1...20.000,00 денари

-цигли 300 броја...300х30=9000,00 денари

-водоводно црево-30м1...30х30=900 денари

-канализациони цефки ф-100- 15м1...15х120=1800,00 денари

-огревно дрво 4м3...4х2500=10.000,00 денари

-мешалка за бетон....12.000,00 денари

-бурињa со алат(лопати2 копач,мстики 2, наковални, )....4000,00 денари

Вкупно:269.680,00 денари

Решено на ден 26.12.2021 година во просториите на Општина Пехчево.

Комисија:

1. Станоевски Николчо ..........

2. Галазов Љубчо ..........

3.Андоновски Ефтим ..........

4.Љупчо Костадинов..........

5.Миле Гошевски..........

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

Извештај-елаборат од невремето што ја зафати Општина Пехчево на 10,11 и 12 декември 2021 год. за процена на штета по поднесени пријави, го изготви Општинската комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреки од Општина Пехчево, формирана од страна на Советот на Општина Пехчево бр. 08-1384/1 од 23.12.2021 година објавено во Службен гласник на Општина Пехчево.
Извештај-елаборат од невремето по поднесена барање бр.11-1328/1 од 17.12.2021 година на една од наредните седници го разгледува на усвојување Советот на Општина Пехчево, и се препраќа до Комисија за проценка и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди формирана од Влада на Република Македонија.

Составен дел на Елаборатот:

1. Збирен Извештај за проценетата штета изготвен со примена на единствена методологија.

Членови на комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди,епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреки:

1. Станоевски Николчо

2. Галазов Љупчо

3.Андоновски Ефтим

4.Љупчо Костадинов

5.Миле Гошевски

Општина Пехчево
Ул.Равен бр.8
Тел:033 441 321

**Записник пријавени за штети - Природна непогода пороен дожд и град од 10,11 и 12 декември 2021 година**

| Реден бр. | Име и презиме | Адреса контакт | Трансакциска сметка и местоположба | Вид на штети Причина и опфат | Пресметан износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Илчо Маролов | Ул. "Панче Караџозов "бр.31 Штип | | Однесено дворно место во површина од 50 м2 | 50х 3=150м3 400ден =60.000,00 ден |
| 2. | | | | Уништен и однесенпотпорен зид во должина од 8м1 | 3м3 х12000=36.000,00ден |
| 3. | | | | Уништене и однесена бетонска тераса со дебелина од 15цм во површина од 20м2 | 2м3 х12.000,00=24.000,00 денари |
| 4. | | | | Уништена дрвена настрешница пред објектот на подлога од бетонска плоча | Паушал-60.000,00 денари |
| 5. | | | | Уништена дрвена шупа(помошен објект),брвнара од 9м2 со бетонска подлога. | Паушал-60.000,00 денари |
| 6. | | | | Од под настрешницата е однесен инвентар,опрема која е следната | -шпоре на дрва-9.000,00 д.<br>-две маси-2х3000=6.000,00<br>-омивалник-8.000,00 ден.<br>-4 столчиња-4800=3200,00д.<br>-камена чешма-3500,00 ден.<br>-6 вреќи цемент-1200,00 ден.<br>-9 дрвени палети-1080 ден.<br>-Метални профили за ограда 180 м1-20.000,00 денари<br>-цигли 300 броја-300х30=9000 денари.<br>-водоводно црево 30м1 30х30=900 денари<br>-канализациони цефки ф-100 15м1 -15х120=1800 денари<br>-огревно дрво 4м3 4х2500=10.000,00 денари<br>-мешалка за бетон-12.000,00 денари<br>-буриња со алат(лопати 2, копач, мотики 2и наковална) = 4000,00 денари. |
| 7. | | | | | |
| | | | | **Тотал вкупно** | **269.680,ден** |

Пехчево
25.04.2022 година

Општинска комисија:
Николчо Становски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за доделување на награда за ученик на генерација во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување на награда за ученик на генерација во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/12 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на награда за ученик на генерација во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесува одлука со која се уредува наградата на ученикот кој постигнал забележителни резултати во воспитно образовниот процес во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево.

**Член 2**

Паричниот надоместок што ќе го добие ученикот на генерација во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево изнесува 3.000 (три илјади) денари.

**Член 3**

Доколку во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево има 3 ученика на генерација, секој од учениците ќе добие по 3.000 (три илјади) денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-662/1 Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/13 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалана самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 19.05.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување со Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-663/1 Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

**Годишен извештај за 2021 година за работата на**
**општински комунален инспектор при општина Пехчево**

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2021 година се засновани на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи и подзаконските акти што произлегуваат од овие закони:

1. Закон за комунални дејности (“Службен весник на РМ,, бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15,31/16 , 64/18, 71/19 и 302/20)
2. Закон за јавна чистота (“Службен весник на РМ,, бр.130/10 пречистен текст, 23/11, 53/11,47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и 122/21)
3. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (“Службен весник на РМ,, бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13,10/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21)
4. Закон за урбано зеленило (“Службен весник на РМ,, бр.11/18 и 42/20)
5. Закон за гробишта и погребални услуги (“Службен весник на РМ,, бр.86/2008, 156/10, 53/11, 163/13, 152/2015 и 31/2016)
6. Закон за управување со пакување и отпад од пакувањето (“Службен весник на РМ,, бр.161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/5 и 39/16)
7. Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РСМ,, бр.102/2019)
8. Закон за општата управна постапка (“Службен весник на РМ ,,бр.124/15 и 65/18)
9. Закон за прекршоци (“Службен весник на РСМ ,,бр.96/19)

Во текот на 2021 година постапувано е по овие закони, но најчесто по Законот за јавна чистота, Законот за комунални дејности и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, каде се контролирани физички и правното лице ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево.

Во согласност со Законот за јавна чистота изготвени се (19) деветнаесет предмети при што:

- Контролирани се правни и физички лица и направени се (19) деветнаесет записници од извршени инспекциски надзори, издадени се (12) дванаесет решенија, изготвени се (12) дванаесет контролни записници од извршени инспекциски надзори и изречени се (2) два прекршочни платни налози на физички лица.

Според Законот за комунални дејности изготвени се (27) дваесет и седум предмети при што контролирани се:

- По пријава контролирани се 27(дваесет и седум) физички лица и се изготвени се 27 (дваесет и седум) записници за извршен инспекциски надзор, издадени се (16) шеснаесет решенија и изготвени се (16) шеснаесет контролни записници од извршени инспекциски надзори.

По Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води изготвено е еден предмет и тоа:

- Контролирано е правното лице ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево, изготвен е записник за извршен инспекциски надзор, донесено е решение и контролен записник.

Контролирано е три пати правно лице за заловување на кучиња скитници и се направени исто толку записници од извршени инспекциски надзори.
Исто така комуналниот инспектор по пристигнати (5) пет барања за остранување на зеленило издал (5) пет решенија за остранување на зеленило од кои на сите (5) пет барања е одговорено позитивно. За сите решенија се изготвени исто толку записници од увид на лице место со приложени фотографии.
На (24) дваесет и четири барања, дел писмени, а повеќето усни барања до комуналниот инспектор од физички и правни лица, излезено е на терен и е утврдено дека не се во надлежност на комуналниот инспектор и истите се известени до која институција да се обратат.
Треба да се напомене дека по телефонски јавувања од страна на ЈКП Комуналец – Пехчево, Полициска станица - Пехчево и од физички лица, излегувано е на терен, при што поголем дел од тие ситуации се решени на лице место со усно укажување на странките, без издавање на документи.
За 2021 година општинскиот комунален инспектор постапил писмено вкупно по (55) педесет и пет предмети, при што изготвени се (55) педесет и пет записници од извршени инспекциски надзори, (32) триесет и две решенија, (32) контролни записници, и изречени се два (2) прекршочни платни налози.

П.С. Со овластување од страна на градоначалникот сум овластено лица за животна средина.
Како лице за животна средина ги прегледувам и одобрувам елаборатите за животна средина, а за потребите на општина Пехчево ги изработувам елаборатите за животна средина.
Исто така јас сум одговорна и за пишување и одобрување на Б - интегрираните дозволи на територијата на општина Пехчево.
Одговарам на сите дописи и работам се што се однесуваат на тема - животна средина.

Општински комунален инспектор,

Светлана Стамболиска

Бр.08-663/2
19.05.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на шестата седница одржана на ден 19.05.2022 година.

Бр. 09-666/14 Градоначалник на
19.05.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 2 и став 2 алинеја 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), и Извештај со предлог за констатирање престанок на мандатот на член на Советот бр. 08-646/1, Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 19.05.2022, донесе

**О Д Л У К А**
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Пехчево**

Член 1

Се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Пехчево, Огнан Миовски, поради исполнување на член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа - смрт.

Член 2

Мандатот на советникот му престанува на 15.05.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-664/1 Совет на општина Пехчево
19.05.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2022 година _________________ 3;
2. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2021 година _____________________________________________________ 6;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2021 година _____________________________________________________ 7;
4. Одлука за давање на користење недвижна ствар на Невладина Организација „КХАМ“ Делчево ____________________________________________________________________ 8;
5. Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2021 година (ребаланс) _____________________________________________________________ 9;
6. Одлука за давање на користење Таблети Lenovo на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево ____ 10;
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2022 година _______________ 11;
8. Заклучок за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2022 година _____________________________________________________ 13;
9. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година _______________________________ 15;
10. Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода, невреме пороен дожд и град, што ја зафати туристичката населба Равна река во општина Пехчево во декември 2021 година _______________________________________________21;
11. Одлука за доделување на награда за ученик на генерација во ООУ „Ванчо Китанов,, - Пехчево ___________________________________________________________________ 33;
12. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на овластениот комунален инспектор при општина Пехчево за 2021 година ______________________________________________ 34;
13. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Пехчево ___37;